UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Менаџмент на проекти (120 ЕКТС)** |
| Факултет | Бизнис и економија |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 120 |

## Опис на програмата

Наставната програма Менаџмент на проекти претставува балансирана комбинација на есенцијални теоретски знаења и специфични професионални вештини. Структурата на двегодишната програма содржи студии кои по природа се динамични, интегративни и интерактивни. Програмата е дизајнирана да понуди интегративен пристап на теми од областа на менаџментот на проекти, имплементирајќи го овој концепт преку наставна и практична програма. Предметите кои се застапени во оваа програма претставуваат перспективи кои се базираат врз теорија која тесно е поврзана со практичната примена во светот на бизнисот. Оваа програма им овозможува на студентите стекнување потребни способности и искуство за менаџментот со проекти во приватните и во непрофитабилните организации. Програмата Менаџмент со проекти на студентите ќе им овоможи: Подигнување на нивото на управување и раководење на прокети од различни области; Оспособување и изградување проект-менаџери од современ профил: проект-менаџери, подготвени да преземаат акции, но и ризици кои се поврзани со секоја иницијатива, флексибилни, решителни и храбри личности; Образование на висококвалификувани и професионални проект-менаџери со лидерски способности и со желба за справување со предизвиците на новиот милениум; Создавање проект-менаџери со нови погледи и начин на размислување, развивање способности за предвидување на иднината и за прифаќање на предизвиците и можностите кои ги нуди денешницата.

## Кариера

Студиската програмата Менаџмент на проекти им овозможува на студентите да стекнат теоретски и практични знаења за успешно управување со предизвиците во иницирањето и во спроведувањето различни иницијативи, односно проекти. Вклучува стекнување вештини за да се генерираат нови бизнис-идеи, нивната конверзија во конкретни бизниси, формирање тимови за спроведување проекти, управување со проектен тим, создавање услови и критериуми за ангажирање на потребниот кадар за одреден проект и да развие соодветни механизми и стилови во управувањето со проекти.

## Резултати од учењето

**Знаење и разбирање**

- Располага со потребните знаења за следниве деловни функции: маркетинг, финансии, бизнис-моделирање, управување со операции, управување со ризикот, лидерство, стратешки менаџмент, основите на деловното право и бизнис-планирање потребни за успешно менаџирање со проекти.

- Располага со знаење за функционалните области на менаџментот со проекти и инженерингот.

- Располага со знаење и разбирање за националната, регионалната и глобалната економска ситуација на пазарот потребни во менаџирањето со проекти.

- Стекнува силна основа за тоа како да се започне одреден проект и да биде подготвен за кариера во меанџирање со проекти.

Ги разбира различните алатки за донесување менаџерски одлуки при меанџирањето со проекти.

**Примена на знаењето и разбирањето**

- Имаат способност за професионално пишување и понатамошно развивање насопствен проект-план и нeговоспроведување во реалниот живот.

- Имаат способност за примена на потребнитепринципиво процесотна успешно управување со нов или постоечкипроект.

Имаат способност да помогнат во формулирањето и во практичното спроведувањена успешнимаркетинг, финансиски и општи менаџерскипроекти.

**Способност за проценка**

- Да размислуваат критички и да ги применуваат теоретските и практичнитезнаења и искуствазаидентификација и за анализа на деловни проблемиво инженерингот и менаџментот со проекти.

- Критички да ги анализираат и да ги оценуваат идентификуванитеможностиза успешно спроведување проекти.

Даразмислуваат стратешки и да расудуваатво врска соактивноститеповрзани со креирањето, развојот исо одржувањетосоодветенпроект-модел.

**Комуникациски вештини**

- Покажуваaатразбирање на индивидуалнатаи групнатадинамика во организациите.

- Функционираатефикасно во тимската работапри дефинирање и при имплементација на одреден проект.

- Ефективно се справуваатсо луѓе од различни социјални, економски, културнии верскипотекла, кои се дел од одреден проектен тим.

- Покажуваатразбирање и чувствителност на етичките, социјалните и на правните одговорности на компаниитепри иницирање и при имплементација на одреден проект.

- Ги прикажуваатбизнис-идеите на инженеринг и на одреден проект наефективен начин.

- Ги демонстраатклучните преговарачки вештинипри договарање одреден проект.

Ги интерпретираат деловните податоци и економските индикатори, како составен дел на одреден елаборат на проекти.

**Вештини на учење**

- Можат да ги пребаруваaати да ги детектираат изворите на учењето.

- Можат да се оспособуваатза индивидуалнои тимскоучење.

Имаатспособност да направатбизнис-анализа и да ги употребуваат научна литература и анализана размислувањата и оцените на други автори.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [6.0 ЕКТС] **Методологија на истражување**
- [6.0 ЕКТС] **Фундаменти на менаџментот на проекти**

- [6.0 ЕКТС] **Планирање и менаџмент на ресурси**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 1**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 1**

### Семестар 2

- [6.0 ЕКТС] **Менаџмент и лидерство**
- [6.0 ЕКТС] **Комуникацијата и менаџментот на проекти**
- [6.0 ЕКТС] **Менаџмент на синџирот на набавки**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 2**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 2**

### Семестар 3

- [6.0 ЕКТС] **Евалуација и контрола на проекти**
- [6.0 ЕКТС] **Развој на глобален бизнис**
- [6.0 ЕКТС] **Капстон (практичен) проект**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 3**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 4**

### Семестар 4

- [30.0 ЕКТС] **Магистерски труд**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Методологија на истражување**
  Целта на овој предмет е запознавање на студентите со: суштината на научното истражување, методологијата на истражувањето, процедурата на истражувањето, видовите на истражувањето и на научните трудови. Посебно внимание се обрнува на правилното упатување на студентите на суштината на научното истражување, за правилна интерпретација и оценување на резултатите на истражувањето, како и на самото пишување на научниот труд и неговото објавување. Исто така, постапно се запознаваат студентите со процедурата и фазите на подготвувањето и пишувањето на магистерската теза.

- **Фундаменти на менаџментот на проекти**
  Овој предмет опфаќа: ефективно планирање, спроведување и комуникација преку проекти и проектни идеи, кои се од особено значење за сите типови организации, кои постојано преземаат нови иницијативи, нудат нови услуги, развиваат креативни пристапи во давањето услуги, осмислуваат нови компоненти, отвораат нови објекти, центри итн, воведуваат нови технологии, со цел да одговорат на променливото окружување и на барањата на целните групи. Преку предметот се дава вовед во основните концепти и методи за раководење со проекти и на студентите им се обезбедуваат практични алатки преку кои ќе се подготват да бидат успешни проектни менаџери.

- **Планирање и менаџмент на ресурси**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат знаење за да бидат способни: - Да подготвуваат и да донесуваат одлуки со кои се остваруваат производството и услугите. - Да подготвуваат и да донесуваат одлуки со кои се конролираат производството и услугите. - Да најдат соодветен пристап за решавање на секоја ситуација поврзана со сложената проблематика на производството и услугите. - Да ги осознаат разновидните активности во организацијата и во функционирањето на целосниот систем на оперативниот менаџмент.

- **Менаџмент и лидерство**
  Преку овој предметот ќе стекнат основа за мотивацијата и сознанија за развој на лидерството, нудејќи им на студентите теоретска основа, практични информации и можност за самопроцена која ќе им овозможи на студентите да ги развиваат своите лидерски таленти. Во рамките на предметот се анализира зголемената важност на менаџирањето на информациите во мултидисциплинарните проекти и стратегиите за

оптимизирање на текот на информациите. Предметот ги опфаќа: лидерскиот процес, различните пристапи кон лидерството и флексибилноста на стиловите.

- **Комуникацијата и менаџментот на проекти**
  Преку овој предмет се прави обид за подобрување на комуникациските способности на студентите со теоретско, но, пред сè, и со практично укажување на правилниот начин на комуницирање во организациска средина со вработените и со менаџерите како и при одржување состаноци, интервуирање други, како да одговараат при интервјуирање, преговарање, но и како да ги мотивираат сите околу нив.

- **Менаџмент на синџирот на набавки**
  Преку овој предмет студентите ќе се оспособат: - Да ја разберат суштината на управувањето на синџирот на набавката. - Да ги идентификуваат главните елементи на управувањето на синџирот на набавката и нивната поврзаност со синџирите на создавање додадена вредност во производството и мрежите на вредност. - Да ги искористат потенцијалите на информационите системи за поддршка на управувањето на синџирот на набавката и на синџирот на создавање додадена вредност во производството.

- **Евалуација и контрола на проекти**
  Во рамките на предметот се претставени алатките кои се потребни за евалуација и контрола на проектите. Притоа се опфатени следниве прашања: развивање предлог, евалуација на предлогот и преглед на проектот. Воведните елементи на предлогот, како оценување на потенцијалниот ризик, одредувањето на трошоците и придобивките и физибилити студија се анализираат преку традиционални и современи техники.

- **Развој на глобален бизнис**
  Целта на предметот е студентите: - Да ја сфатат разликата меѓу глобалното создавање, одржување и модификација во споредба со меѓународните стратегии од аспект на меѓународниот бизнис. - Да стекнат знаења за извршување анализа на трошоци од глобален аспект. - Да извршат анализа swot за разни меѓународни компании. - Да ги сфатат суштината на глобалниот меѓународен бизнис и користењето на глобалните комуникации. - Да дефинираат и да користат стратегии за оценување на заедничките вложувања (joint venture), обединување и купување разни компании со цел да се добие пристап до нови пазари. - Да носат решенија околу сегментацијата на пазарите како и околу начините за пристап до нив.

- **Капстон (практичен) проjект**
  Целта на предметот е да им се обезбеди на студентите можност да решаваат вистински бизнис-проблеми во компании, избрани по свој избор, во тим од 3-4 студенти во текот на семестарот. Студентите ќе работат заедно како консултантски тим во одредено претпријатие и ќе бараат решенија за проблемите, кои ќе бидат ставени во употреба од самото претпријатие. Студентските тимови ќе ги развиваат своите анализи и препораки во текот на два термина и го завршуваат проектот со доставување на конечниот извештај и со презентација пред раководството на претпријатието.

- **Магистерски труд**
  По положувањето на испитите, студентот може да ја започне постапката за поднесување, подготвување и за јавната одбрана на магистерската тезата. Студентот избира ментор, со чии инструкции го подготвува барањето за магистерската тезата. Барањето мора да биде дозволено од Наставно-научниот совет на Факултетот. По подговување на конечната верзија на магистерскиот труд, Наставно-научниот совет на Факултетот формира трочлена комисија, која го подготвува извештајот, со кој се прифаќа или се одбива магистерскиот труд. Позитивниот извештај се одобрува од Наставно-научниот совет и се утврдува датумот за јавна одбрана. По успешното завршување на одбраната студентот стекнува диплома - Магистер по економски науки / Насока: Менаџмент на проекти.

## Изборни предмети

- **Анализа и управување со ризици**
  По завршувањето на наставата, студентите треба да бидат способни: - Да идентификуваат и да категоризираат различни извори на ризик. - Да дизајнираат процес на управување со ризици. - Да ја разберат улогата на менаџерот со ризици. - Да го разберат значењето кое менаџментот со ризиците го има за акционерите и за другите стејкхолдери. - Да научат како да донесуваат најдобри деловни одлуки, со кои се остварува највисок принос за нивото на преземениот ризик. - Да извршат мерење и процена на ризикот со

примена на соодветни техники и модели (VaR, сценарио анализа, стрес тест итн.); - Да применуваат интегрирано управување со ризици.

- **Менаџирање со квалитетот и безбедноста**
  Целта на овој предмет е да се укаже на важноста на: техниките на МВК (менаџмент на вкупен калитет), нивното значење и позитивните страни од нивното користење со цел во блиска иднина да видиме сосема нова слика кај македонските компани. Предмет на истражување во рамките на овој предмет претставуваат техниките на МВК. Во последниве години сé повеќе компании ги применуваат овие техники како главна алатка за одговор на сè позаострената конкуренција на глобалниот пазар. Овој предмет претставува обид за детална анализа на техниките на МВК како и на најпознатите теории на МВК. Исто така, во рамките на овој предмет ќе се даде реална слика за состојбата на МВК во Македонија, за проблемите и за можноста за примена на техниките на МВК на најефикасен начин.

- **Менаџирање со трошоците и буџетот на проекти**
  Предметот е фокусиран на практичната примена на анализа на трошоците и приходите на одреден проект. Целта на овој предмет е да се оспособат студентите за клучни аналитички вештини за процесот на планирање за иднината и за оценување на минатите перформанси на проектите.

- **Менаџмент на проекти во индустријата на интегрирани услуги**
  Во рамките на овој предмет е опфатен менаџментот на проекти во индустријата на интегрирани услуги, како што се менаџментот со: отпадите, водите, нафтата, гасот и слично. Менаџментот на отпад во современите општества обезбедува глобален преглед на практиките на менаџмент на отпадот, вклучувајќи ги импликациите на околината, социјалните и економските импликации врз генерирањето, справувањето и врз третманот на отпадот, со акцент на политиките, стратегиите и на проблемите на заедницата. Овој предмет опфаќа теми како што се: операции во врска со брани и резервоари, развој на водени ресурси, контрола на тековите на водата, ГИС апликациите во инженерингот на изворите на вода.

- **Менаџмент на проекти во градежништвото**
  Во рамките на овој предмет е опфатен широк спектар на конструкциски активности, како истрага, прелиминарна работа и операции поврзани со поместување на земјиштето, конструкции од бетон, железо и дрво. Како дополнување на техниките, голем акцент е ставен на улогата, продуктивноста и на менаџментот на конструкциската техника. Понатаму, градежната индустрија има досие на ниска безбедност, затоа преку овој предмет студентите стекнуваат знаење за селектирани менаџерски политики и активности, кои се користат во оваа индустрија и кои треба да се имаат предвид при иницирање и водење ваков тип проекти.

- **Статистички анализи за проектни менаџери**
  Целта на програмата е студентите да стекнат знаење за да бидат способни: - Да ја употребуваат дескриптивната анализа при анализата на податоците. - Да ги користат веројатноста и случајните променливи во решавањето на бизнис-проблемите. - Да го разбираат статистичкото заклучување кое претставува основа за интерпретирање на резултатите и за донесување бизнис-одлуки. - ги користат корелацијата и простата и повеќекратната регресија; - ги знаат основите на анализата на варијансата; - ги разбираат основите на индексните броеви и методите за анализа на временските серии.

- **Управување со проектниот тим**
  Целта на предметот е студентите да се запознаат со принципите, важноста и со улогата на управувањето со проектниот тим кај современите деловни проекти. Во рамките на овој предмет студентите ќе се запознаат со процесот на управување со проектниот тим, почнувајќи од избор, обука, насочување, оценување и наградување на секој поединец, кој е дел од одреден проект.

- **Управување со организациски промени**
  Целта на предметот е да се запознаат студентите со важноста и со улогата на управувањето со организациските промени кај современите деловни организации. Во рамките на овој предмет студентите ќе се запознаат со процесот на управување со промени како во теоријата, така и во практиката на светските и домашните компании.

- **Информациони технологии во менаџментот на проекти**
  Цели на предметната програма (компетенции): - Разбирање и аплицирање на концептите од електронската трговија - електронски бизнис. - Препознавање на бизнис-потребите за прилагодување на константните и непрекинатите промени во средината, но и на важноста за инкорпорација на информационата технологија во најважните бизнис-процеси. - Подобрување на нивната сегашна операциона ефикасност за да се

трансформира во конкурентна предност. - Развивање стратегиско, административно и операционално планирање за новите бизниси или подобрување на постојното планирање со новите технологии. - Објаснување на: порастот на е-бизнисот до денес, поимот бизнис-потрошувач и моделот бизнис-бизнис, преку користење релевантни теории од бизнисот, менаџментот и од општествените науки. - Анализирање на: интеракцијата меѓу технолошките трендови и социјалниот бизнис-контекст на е-бизнисот, вклучувајќи ги и дифузијата на социјалните мрежи и случувањата веб 2.0.

- **Реторика**
  Во текот на својата историја долга 2500 години, реториката се користи за означување многу нешта, но под реторика денес се подразбира уметноста на убедување преку јазик. Реториката го означува начинот на кој поединецот се надоврзува на одредена тема или идеја со цел да го убеди другиот. Реториката ја карактеризираат неколку главни одлики и најпрвин ги дефинира одредените типични ситуации на говорот.

- **Методологија на наставата**
  Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со основните пристапи и методи на предавање. Од студентите се очекува стекнат знаења и вештини со кои ќе можат да применат средства за активна настава. Опфатен е и пристап за развојот, наставата и учењето како концепти, како и за основни практики кои ќе им овозможат на предавачите да предаваат за развојот на мислењето. Преку овој предмет, студентите ќе стекнат и теоретска основа и стратегии со кои ќе можат да го развиваат и своето и критичкото мислење на студентите.

- **Мултилингвализам и мултикултурализам**
  Цел на овој предмет ќе биде разгледување на повеќејазичноста во мултикултурните општества, како социјална појава. Оваа појава е масовна во светот. Во предавањата ќе се разгледуваат попрецизно термините: еднокултурност, повеќекултурност, мултикултурност. Ќе биде разјаснет поимот лингвистички национализам, а се изделуваат две форми на ваков национализам, при што едната се судира со другата: кај водачите на најмоќните земји национализмот значи ширење, а за малцинствата тој добива форма на непокор и борба за афирмација на идентитетот, наспроти таков притисок. Видно место во програмата ќе зазема и мултикултурализмот во сферата на образованието.

- **Одбрани напредени поглавја од ИТ - апликации за изработка на научен труд**
  Целта на овој предмет е: * Да им се прикажат техничките елементи, структурата на текстот и дизајнот на еден научен труд. * Да им овозможи на студентите да стекнат понапредни познавања и вештини од одбрани напредни поглавја од ИТ-апликации, кои ќе им бидат потребни при изработка на научни и стручни трудови. * Практична примена на овие цели при изработка на индивидуален научен труд на студентот.

- **Одбрани напредни поглавја од апликации за статистичка обработка на податоци**
  Целта на овој предмет е: - Да им се прикажат техничките елементи од областа на статистиката: организирање, обработка, споредување преку анализи и публикување на податоците. - Да им овозможи на студентите да се стекнат со понапредни познавања и вештини од обрани напредни поглавја од апликациите за статистичка обработка на податоци. - Практична примена на овие цели при статистичка обработка на податоците стекнати од прашалници, прилози, научни истражувања и друга документација.

- **Професионална комуникација**
  Предметот е фокусиран на развојот на оние комуникациски вештини кои се суштествени за ефикасно функционирање во професионалниот свет. Студентите ќе го совладуваат процесот на анализа на различни комуникациски ситуации, и тоа како соодветно да одговорат на нив. Меѓу темите кои ќе бидат вклучени се и комуникација во организации, интерперсонална и групна комуникација, усни презентации, интервјуа за вработување, професионални деловни писма, како и интерперсонални вештини, вклучувајќи групна динамика и тимска работа.